Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 мај 2023 година донесе

# ОДЛУКА

## за одобрување на План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од 2023 до 2027 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од пет години (2023-2027 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.
2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, одобрениот План за развој од точка 1 од оваа одлука да ги објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука се доставува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.
4. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа член 24 став (1) точка 2) алинеја 1) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) е должна да изработи План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од пет години (во понатамошниот текст: План за развој) и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да го објави на својата веб страница.

Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони до Регулаторната комисија за енергетика достави План за развој бр.11-2836/1 од 2 декември 2022 година.

На 7 април 2023 година Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страница објави Соопштение со кое ги повика заинтересираните страни да дадат мислење и коментари по однос на текстот на Планот за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од пет години (2023-2027 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони најдоцна до 14 април 2023 година. По однос на објавеното Соопштение во рамките на наведениот рок до Регулаторната комисија за енергетика немаат пристигнато никакви коментари или мислења.

Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1003/1 од 25 април 2023 година свика подготвителна седница на 28 април 2023 година на која предмет на разгледување беше оваа Предлог- Одлука.

На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ДТИРЗ, ДПТУ ЏОНСОН МЕТИ ДООЕЛ, ДПТУ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ, НОМАГАС Скопје, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, ЈП за енергетски дејности Струмица Гас, ЈП Куманово Гас-Куманово, Министерство за економија, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Претставник од Совет за заштита на потрошувачите, Кабинет на Претседател на Влада на РСМ.

Регулаторната комисија за енергетика на 2 мај 2023 година одржа седница на која ги одобри Мрежните правила за дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони бр.11-286/1 од 6 април 2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-586/3**
**2 мај 2023 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

ПРИЛОГ:

План за развој на системот за дистрибуција на ПГ на ДТИРЗ